# <u>ПРОГРАМА</u>

**За работа на**
**Асоцијацијата за Односи со Јавноста на Македонија**

МПРА е доброволна, нестопанска, професионална организација во областа на односите со јавноста и интегриранаата маркетинг комуникација.

Асоцијацијата ги прифаќа целите и задачите утврдени со актите на меѓународните асоцијации од исто или слично поле. Асоцијацијата ги прифаќа сите права и обврски што произлегуваат од законот за здруженија на граѓани и поединци. Асоцијацијата дејствува на територијата на Република Македонија и може да формира свои ограноци, подограноци, фирми и слично.

*Здружението на граѓани Асоцијацијата за Односи со Јавноста на Македонија се формира за остварување на основните цели и задачи:*

- го развива и потикнува спроведување на високи морални и етички норми во ПР практиката;
- популаризација и актуелизирање на образовни, научни и истражувачки активности постигнувања во областа на масскомуникацијата во Македонија и странство;
- сврзување со научните институции кој реализираат програми од областа на Односите со Јавносттa, и водење грижа за квалитетот на образовните програми;
- грижа за професионална реализација на специјалистите од оваа област;
- градење и размена на информација помеѓу специјалистите од земјава и странство;
- врши и други работи и задачи кои се од заеднички интерес на членовите на асоцијацијата, а се утврдени со Закон или друг акт;
- Изградување и раширување на професионалните односи помеѓу академското образование и практиката. Помагање на развојот на односите со јавноста како самостојна научна и практично приложна област во Република Македонија.

*За постигнување и реализирање на своите цели, МПРА може да врши дополнителна стопанска дејност сврзана со предметот на основната дејност, како:*

- Да врши специјализирани испитувања и консултантски услуги;
- Да разработува проекти во областа на односите со јавноста, маркетингот, рекламата и интегриранаата маркетинг комуникација;
- Да издава во областа на односите со јавноста, маркетингот, рекламата и интегриранаата маркетинг комуникација, билтени, списанија, учебни помагала, учебници и други изданија со образовна насоченост;